УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.

Овој лек се издава без рецепт за третман на полесни здравствени проблеми за кои не е потребно совет од лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате лекот претпазливо за да Ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на неколку дена, тогаш мора да појдете на лекар.*

Упатството за пациентот содржи:

1. *Што претставува ИБУПРОФЕН АКТИВ и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да го употребите ИБУПРОФЕН АКТИВ*
3. *Како да го употребувате ИБУПРОФЕН АКТИВ*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на ИБУПРОФЕН АКТИВ*

IBUPROFEN AKTIV/ИБУПРОФЕН АКТИВ 100 mg/1 g крем

ibuprofen

Активна супстанција: ибупрофен.

Помошни супстанции: метил парахидроксибензоат, пропил парахидроксибензоат, глицерол, пропилен гликол, бел мек парафин, емулгаде СЕ (глицерил стеарат/цетеарет-20/цетеарет-12/цетеарил алкохол/цетил палмитат), течен парафин, цетил алкохол, карбомер, натриум хидроксид, прочистена вода.

Назив, седиште и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ-Скопје, ул: Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија

Назив, седиште и адреса на производителот на лекот:
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ-Скопје, ул: Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија

1. Што претставува ИБУПРОФЕН АКТИВ и за што се употребува

1 g крем содржи 100 mg ибупрофен.

Содржина на пакувањето:
Кутија со туба со 50 g крем.

ИБУПРОФЕН АКТИВ кремот содржи ибупрофен, кој припаѓа на групата на лекови наречени нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ), кои делуваат така што ја ублажуваат болката и го намалуваат воспалението (отокот).



ИБУПРОФЕН АКТИВ кремот може да се користи за ублажување на блага до умерена болка и воспаление (оток) поврзани со болка во грбот, ревматска и мускулна болка, болки при благи до умерени артритични состојби, изместување (шинување), истегнување, невралгија и спортски повреди.

2. Што треба да знаете пред да го употребувате ИБУПРОФЕН АКТИВ

Немојте да го употребувате ИБУПРОФЕН АКТИВ кремот:

- Ако сте алергични (пречувствителни) кон ибупрофен или кон некоја од помошните супстанции на лекот.
- Доколку имате астма, алергиски ринитис (течење на носот) или јадеж, исип на кожата во вид на црвени плуски (уртикарија) и доколку во минатото сте имале лоша реакција на ацетилсалицилна киселина, ибупрофен или други НСАИЛ.
- На оштетена или инфицирана кожа.
- Ако сте помлади од 12 години, освен по препорака на Вашиот лекар.
- Ако сте бремени или доите, освен по препорака на Вашиот лекар.

Бидете посебно внимателни со ИБУПРОФЕН АКТИВ

- Ако имате или претходно сте имале чир на желудникот или цревата.
- Ако имате проблеми со бубрезите.
- Ако имате или сте имале астма.
- Ако во тек на примена на кремот Ви се појави исип. Во тој случај прекинете со примената на кремот.

Ибупрофен Актив кремот може да ја направи Вашата кожа почувствителна на сончева светлина. За време на примената на кремот, не ја изложувајте третираната кожа на директна сончева светлина, и не ја покривајте со фластери или завои.

Бременост

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.

Кажете му на Вашиот лекар ако сте бремени (или мислите дека можеби сте бремени).

Ибупрофен Актив кремот не треба да го употребувате во период на бременост, освен по препорака на Вашиот лекар.

Доење

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.

Ибупрофен Актив кремот не треба да го употребувате во период на доење, освен по препорака на Вашиот лекар.

Влијание врз способноста за возење или ракување со машини

Нема податоци.

Важни информации за некои составни компоненти на Ибупрофен Актив

Ибупрофен Актив кремот содржи конзерванси метилпарахидроксибензоат и пропил парахидроксибензоат кои може да предизвикаат алергиски реакции (можни одложени реакции), пропилен гликол кој може да предизвика иритација на кожата, цетил алкохол кој може да предизвика локални кожни реакции (пример контактен дерматитис).

Употребување на други лекови

Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

Особено информирајте го вашиот лекар ако земате:
- Ацетилсалицилна киселина, или други нестероидните антиинфламаторни лекови (примената на овие лекови со Ибупрофен Актив кремот може да ја зголеми појавата на несакани дејства).
- Лекови кои се применуваат за намалување на висок крвен притисок или лекови кои ја разретчуваат крвта (ретко, Ибупрофен Актив кремот, може да влијае на дејството на овие лекови).

3. Како да се употребува Ибупрофен Актив?

Возрасни, постари пациенти и деца над 12 години: Да се истисне 2 cm до 5 cm од кремот (50 mg до 125 mg ибупрофен) и нежно да се втрие на заболеното место, се додека не се апсорбира.

Доколку е потребно, кремот нанесувајте го на секои 4 часа. Кремот не треба да се употребува повеќе од 4 пати во тек на 24 часа. Не употребувајте повеќе од препорачаната доза.

После секое нанесување на кремот, рацете треба добро да се измијат.

Ибупрофен Актив кремот не смее да дојде во допир со слузницата на очите и други слузници (уста, нос, генитално или анално подрачје). Кремот не треба да се нанесува на оштетена или инфицирана кожа.

Ибупрофен Актив кремот не смее да се нанесува под оклузивен завој или фластери.

Во случај на појава на осип, примената на кремот треба да се прекине.

Ако после 2 недели примена, симптомите не се смират или дојде до влошување на симптомите, разговарајте со Вашиот лекар.

Ако сте употребиле поголема доза Ибупрофен Актив отколку што треба

Не се забележани случаи на предозирање при локална примена на ибупрофен во облик на крем.

Ако случајно сте проголтале Ибупрофен Актив крем

Ако случајно сте проголтале од кремот, исплакнете ја устата и колку што е можно побрзо контактирајте со лекарот или најблиската болница. Доколку проголтате од кремот, може да се јават проблеми со стомакот.

Ако сте заборавиле да употребите Ибупрофен Актив

Ако сте испуштиле или заборавиле да го нанесете кремот, нанесете го веднаш штом се сетите. Ако се приближува времето за наредната доза, почекајте, не ја нанесувајте пропуштената доза туку наредната доза.

Не нанесувајте наеднаш двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.

4. Можни несакани дејства

Како и сите лекови, и Ибупрофен Актив кремот може да предизвика несакани дејства, кои не се јавуваат кај секого.

Во случај на појава на било кои од следниве сериозни несакани дејства, престанете со примената на кремот и веднаш посетете го Вашиот лекар:
- Необјаснето отежнато дишење (астма), влошување на постоечка астма, потешкотии со дишењето, отекување на лицето, јазикот, вратот или грлото (тешка алергиска реакција).
- Алергиски кожни реакции како што се јадеж, осип на кожата во вид на црвени плуски (што понекогаш може да биде тежок со лупење на кожата), појава на меури и лезии на кожата).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ *

Следниве несакани дејства се помалку сериозни. Доколку се јават, разговарајте со Вашиот фармацевт:

- Болки во стомакот, ждригавица.
- Проблеми со бубрезите (особено кај пациенти со историја на проблеми со бубрезите).

Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

5. Чување на Ибупрофен Актив

Да се чува на температура до 25°C.

Да се чува во оригинално пакување.

Лекот чувајте го на места недостапни за деца.

Рок на употреба

Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

Начин на издавање на лекот

Лекот се издава во аптека без рецепт.

Датум на последната ревизија на внатрешното упатство

03/2013

Број на решението за ставање на лекот во промет

